# ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА

## Предметна програма: Меѓународно право за права на човекот

## Предметен наставник: Марија Миленковска

marijamilenkovska@yahoo.com
телефон: 02/ 2546-211 локал: 105
кабинет бр. 5

## Фонд на часови: 2 + 2

(нови студиски програми, за стари видете на официјалниот сајт на Факултетот)

## Кредити: 6 (кредити)

(нова студиска програма, за стари видете на официјалниот сајт на Факултетот)

## Јазик на кој се изведува наставата: македонски јазик

## Цели (опис) на предметната програма

Во рамките на овој предмет студентите ќе стекнат знаење, и ќе го развијат концептуалното разбирање на основните поими, институти и инструменти во областа на меѓународното право за права на човекот. Посебна цел на предметната програма е студентите да стекнат продлабочено знаење за малцинските права и воспоставените механизми за нивна заштита на регионално и универзално ниво. Студентите ќе се запознаат со современите теоретски сознзнија во овој дел, како и со релевантните меѓународни акти и обичаи и ќе бидат оспособени за научно-истражувачка работа во областа на меѓународното право за правата на човекот.

## Литература:

Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005; Харис, О'Бојл, Варбрик, Право на Европската Конвенција за човекови права, Просветно дело АД, 2009 (основна литература). Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014.
Michael K. Ado, The Legal Nature of International Human Rights Law, Martinus Nijhoff Publishers, Leiden. Boston, 2010; Bertrand G. Ramcharan, The Fundamentals of International Human Rights Treaty Law, Martinus Nijhoff Publishers, Leiden. Boston, 2011; Azuzur Rahman Chowdhury and Jahid Hossain Bhuiyan, An Introduction to International Human Rights Law, Martinus Nijhoff Publishers, Leiden. Boston, 2010; Јанис М. Кеј Р. Бредли А., Европско право за човекови права, Книгоиздателство МИ-АН/ 2002; Џек Донели, Меѓународни човекови права, Книгоиздателство МИ–АН, Скопје, 2004.
Интернет: http://www.un.org/e; http://www.echr.coe.int/ECHR/homepage_e
http://www.osce.org/what/human-rights ;  http://hub.coe.int/# http://europa.eu/index_en.htm
(дополнителна литература).

## Детална предметна програма

**I. Поим и историски развој на меѓународното право за правата на човекот**

1. Идеја за правата на човекот
2. Историска периодизација на развојот на правата на човекот
3. Современ концепт на меѓународното право за правата на човекот
4. Правни лекови за меѓународните права на човекот

5. Меѓународните права на човекот и државните граници
6. Принципот на неинтервенција и правата на човекот

Литература: Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр. 11-34.

**II. Основни карактеристики и класификација на правата на човекот**

1. Основни карактеристики на правата на човекот
2. Поделба на правата на човекот
3. Индивидуални и колективни права
4. Видови и практикувања на колективните права
5. Универзализмот на правата на човекот и културниот релативизам

Литература: Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.37-56.

**III. Дискриминација**

1. Поим на дискриминација
2. Видови дискриминација
3. Афирмативни акции

Литература: Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр. 69-81.

**IV. Извори на меѓународното право за правата на човекот. Однос со внатрешниот правен систем на државата. Тенденции во развојот на меѓународното право за правата на човекот**

1. Меѓународните договори за правата на човекот и внатрешното законодавство на државите
2. Меѓународни обичаи и општи правни правила
3. Одлуки на меѓународни организации, меѓународни пресуди и одлуки на арбитражи
4. Досегашен развој на меѓународното право за правата на човекот
5. Трендови во развитокот на меѓународното право за правата на човекот
6. Правата на човекот и правната јуриспруденција

Литература: Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.85-91;357-361.

**V. Меѓународно-правна заштита на правата на човекот во системот на ООН**

1. Повелба на ООН
2. Универзалана декларација за правата на човекот
3. Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права
4. Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права

Литература: Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.95-123.

**VI. Контролни механизми во рамките на ООН**

1. Контролни механизми во рамките на ООН –воведни излагања
2. Редовно поднесување на извештаии
3. Постапки
4. Клучни работни тела

Литература: Љубомир Данаилов Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.138-158, 171-174. Владимир Ортаковски, Марија Миленковска, Меѓународно јавно

право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014, стр.155-160 (Совет за правата на човекот).

**VII. Заштита на правата на човекот во рамките на Совет на Европа**

1. Цели и задачи во областа на правата на човекот
2. Европската конвенција за правата на човекот и основните слободи
3. Негативни и позитивни обврски
4. Ефектот на ЕКЧП во домашниот правен систем
5. Влијание и значење на ЕКЧП
6. Други правни инструменти на Совет на Европа во областа на правата на човекот

Литература: Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.179-194;226-232.

**VIII. Европски суд за човекови права**

1. Европскиот суд за човекови права-формирање, организација, постапка
2. Интерпретација на ЕКЧП
3. Европска комисија против расизмот и нетолеранција
4. Комесарот на Совет на Европа за правата на човекот

Литература: Харис, О'Бојл, Варбрик, Право на Европската Конвенција за човекови права, Просветно дело АД, 2009, стр. 787-810. Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.194-198; 202 -226: 235-239;

**IX. Европска Унија –човекови права**

1. Историјат на Повелбата на ЕУ за основните права
2. Право на ЕУ во областа на правата на човекот
3. Повелбата на ЕУ за правата на човекот
4. Правно-политички дилеми во областа на европскиот систем за заштита на правата на човекот

Литература: Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.239-252.

**X. ОБСЕ – човекови права**

1. Развој, значење и општи карактеристики на „човековата димензија„ на ОБСЕ
2. Канцеларија за демократски институции и правата на човекот
3. Претставникот на ОБСЕ за слобода на медиумите

Литература: Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр.252-265

**XI. Поим и карактеристики на правата на припадниците на малцинствата**

1. Поим за малцинство
2. Услови за формирање на малцинството
3. Политики на државата спрема малцинствата
4. Малцинствата и самоопределувањето
5. Дефиниција на нацијата како субјект на самоопределувањето
6. Европско, либерално искуство со нацијата
7. Самоопределување на народите
8. Самоопределувањето во Обединетите нации

Литература: Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр. 269-298.

**XII. Односот на малцинствата и државата во која ги оствруваат правата**

1. Малцинствата и самоопределувањето
2. Малцинствата и сецесијата
3. Пост-комунизмот и мирно конструктивно решавање на малцинските проблеми

Литература: Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, Магор, 2005, стр. 298 – 324..

**XIII. Меѓународно- правна заштита на малцинствата**

1. Меѓународно- правна заштита на малцинствата во рамките на ООН
2. Декларација за правата на лицата припадници на национални или етнички, религиозни и јазични малцинства
3. Европска заштита на национални малцинства
4. Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства
5. Европската повелба за регионални или малцински јазици
6. ОБСЕ и правата на малцинствата
7. Високиот комесар на ОБСЕ за национални малцинства

Литература: Љубомир Д. Фрчкоски, Меѓународно право за правата на човекот, МАГОР, Скопје, 2005, стр. 325-353.

## Начин на оценување:

| **Активности** | **Бодови** | **Вид на активност** |
|---|---|---|
| Завршен испит или два колоквиуми | 0 - 80 бодови | Задолжителна |
| Присуство и активност на предавања и вежби | 0 - 10 бодови | Активност на предавање и вежби незадолжителна и за редовни и вонредни студенти. Присуство на предвања и вежби незадолжителна за вонредни студенти. За редовни студенти види објаснување подоле. |
| Самостојна (домашна ) работа – есеј | 0 – 10 бодови | Незадолжителна |

## Активности: дополнителни информации

### Колоквиуми

Доколку полагањето се врши преку колоквиуми, тогаш студентот полага два колоквиуми, а оценувањето на колоквиумите се врши со поени од 0 до 80; за полагање на соодветниот колоквиум потребно е да се освои минимум 41 поен, притоа за формирањето на оценката се зема просечниот број поени освоени на двата колоквиуми. Доколку студентот не го положи првиот колоквиум, истиот може да го полага уште еднаш на поправен колоквиум организиран надвор од термините за настава. Студентот има право да полага втор колоквиум доколку го има положено првиот колоквиум. Доколку студентот не го положи вториот колоквиум, истиот може да го полага само уште еднаш, и тоа во првиот нареден испитен рок (Студентите запишани заклучно со студиската 2017/2018 година, имаат право да го полагаат вториот колоквиум во сите испитни рокови во тековната учебна година, до евентуалното повторно запишување на предметот).

**Присуство на предавање и вежби**

Редовниот студент може да отсуствува од предавања или вежби најмногу три пати (оправдано и/или неоправдано) во текот на семестарот, во спротивно нема право на полагање на предметот преку колоквиуми. Наставата се одвива преку еден вид на комбинација на класични предавања, интерактива настава, консултации и индивидуална и групна работа со студентите. На часовите се поттикнува кртичко мислење, дискусија и анализа. Индивидуалната работа, активност и партиципација на студентите во активностите и задачите што се изведуваат на часовите (анализа и симулација на случаии, дебати и др.) особено се поттикнуваат, охрабруваат и вреднуваат.

**Самостојна (домашна) работа – есеј**

Самостојната (домашна) работа - есеј е дополнителна, незадолжителна активност. Студентот самостојно работи во текот на семестарот/годината на една тема од областа на меѓународното право за права на човекот за којашто самиот ќе се одлучи. Во секоја испитна сесија во текот на академската година, пред терминот за испит, ќе биде даден термин во којшто студентот во присуство на наставниот или соработнички кадар ке ја изработи дополнителната активност на темата што ја избрал и самостојно се подготвувал. Самостојната (домашна) работа-есеј носи од 0 до 10 бодови. За сите дополнителни информации во однос на испитниот режим и начинот на оценување консултирајте ги важечките правни акти на Универзитетот односно Факултетот.

## Оценка

од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет)
од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест)
од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум)
од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум)
од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет)
од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет)

Доколку при утврдувањето конечен број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број. Стекнатите поени по основ на присуство и активност на предавања и вежби важат само до евентуалното повторно запишување на предметот. Правото на стекнатите поени од другите активности (семинарски трудови, проекти, менторство и др.) останува и доколку студентот повторно го запише предметот.

## Укажување

За подетални информации, за правата и обврските на студентите, како и за начинот на студирење и оценување консултирајте ги:
Закон за високо образвание објавен на официјалниот веб сајт на Министерството за образовани;
актите на УКЛО, објавени на официјалниот веб сајт на Универзитетот; и
актите на Факултетот за безбедност, објавени на официјалниот веб сајт на Факултетот.